Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНО-НАДЗОРНИ РАБОТИ

Дата 18-980/2

Арх.бр 25-02-2026

**И З В Е Ш Т А Ј**

**за извршен надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво на Општина Росоман за 2025 година**

Комисијата за вршење надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво, формирана од страна на министерот за животна средина и просторно планирање со Решение бр. 18-1096/1 од 06.02.2023 година, а согласно Планот за вршење на надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 18-1043/1 од 04.03.2025 година, спроведе постапка на надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на Општина Росоман

За потребите на спроведување на надзорот, од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање до Општина Росоман беше доставен Прашалник за утврдување на фактичката состојба во однос на организацијата, надлежностите и постапувањето во областа на инспекцискиот надзор во животната средина, со утврден рок за доставување.

До денот на изготвување на овој извештај, Општина Росоман не го достави пополнетиот прашалник, ниту побара продолжување на рокот, ниту достави какво било образложение за непостапување и покрај направените обиди и барања во неколку наврати од наша страна.

Со ваквото постапување, Општина Росоман оневозможи непречено вршење на надзорот од страна на Министерството, ниту пак обезбеди информации и податоци потребни за утврдување на законитоста на работата, што претставува непостапување по законските обврски.

Комисијата констатира дека ваквото непостапување претставува повреда на законските обврски утврдени во член 43 од Законот за инспекциски надзор во животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/22 и 3/25), согласно кој органите на единиците на локалната самоуправа се должни да овозможат непречено вршење на надзор и да доставуваат информации, податоци и документација по барање на Министерството.

Непостапувањето по законски утврдена обврска за соработка претставува сериозно попречување на надзорната функција на Министерството и создава основ за преземање понатамошни мерки согласно важечките прописи.

**Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор во животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/22 и 3/25), Министерството за животна средина и просторно планирање ги дава следните укажувања и мерки:**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

**-Да се достави пополнет прашалник со целосни и точни податоци, потпишан и заверен од овластено лице, во рок од 15 дена од денот на приемот на овој извештај;**

**-Да се обезбеди целосна и навремена соработка со Министерството при вршење на надзор над законитоста на работата;**

**-Да се овозможи доставување на сите информации, податоци, акти и друга документација по барање на Министерството, во роковите утврдени со закон или наведени во барањето.**

**По истекот на утврдениот рок, Општина Росоман е должна писмено да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање за преземените активности.**

Скопје, 16.02. 2026 година

Претседател на Комисија
Тања Пауновска ____________________

Членови од Комисијата присутни на надзорот:

Тања Кироска Донски____________________
Lumni Jashari ____________________


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk